Бр./Nr 12-222/3
07-02-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-та седница одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-4867/1 од 12.10.2023 година, во врска со постапката за избор на наставно-научни, наставно-стручни, научи и наставни и соработнички звања на Факултетот за ----------- при Универзитетот „Св. Климент Охридски" (УКЛО) – --------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со иста/слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите, како и има донесено одлуки од своја надлежност, заведена со број 09-2634/15 од 03.10.2023 година и 12-4904/1 од 26.01.2024 година.

Предметот со број 12-4867/1 од 12.10.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на познат подносител, на ден 12.10.2023 година, поднесена е пријава во врска со постапката за избор на наставно-научни, наставно-стручни, научи и наставни и соработнички звања на Факултетот за --------- при Универзитетот „Св. Климент Охридски" (УКЛО) – ---------- и оформен е предмет број 12-4867/1 од 12.10.2023 година.

Во пријавата подносителот наведува дека постапката за избор на наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на наведениот Универзитет, по Јавниот конкурс за избор на 1 (еден) наставник во сите наставно- научни звања од научното подрачје: (5) општествени науки, поле: (503) економски науки, научна област: 50329-друго (Менаџмент)- 1 (еден) извршител објавен во весникот Нова Македонија на ден 07.09.2023 година имало неправилности.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Направениот избор на кандидати бил извршен со влијание на лицето ------------ која пак била Раководител на Секторот за финансии, сметководство, инвестиции и развој при Ректоратот на УКЛО ----------, а воедно била мајка на избраната кандидатка -----------------.

Заради утврдување на фактичката состојба ДКСК достави Барање за доставување на информации до Државниот просветен инспекторат со кое побара да да биде доставена информација од надлежност на инспекторатот.

Државниот просветен инспекторат достави известување во кое е наведено дека во деновите 06,07,09 и 10.11.2023 година бил извршен вонреден инспекциски надзор на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – ----------- по што бил изготвен Записник со број 09---- од --.--.2023 година и истиот бил доставен до ДКСК по претходно доставено Барање заведено со број 09-5170 од 18.12.2023 година.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај поради тоа што во пријавата се содржани наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет со иста/слична фактографија на наводи со предметните наводи и се има произнесено по однос на истите, како и донесена е одлука од нејзина надлежност, заведена со број 09-2634/15 од 03.10.2023 година и 12-4904/1 од 13.10.2023 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Ф.О
Одобрил: В.Г, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk